# Известување за концентрација со која Социете де Продуитс Нестле С.А. од Швајцарија и ПАИ Партнерс САРЛ од Големо Војводство Луксембург ќе формираат целосно функционално заедничко вложување

**(предмет бр. 08-76 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 25.05.2023 година, а дополнето на ден 26.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на формирање на целосно функционално заедничко вложување помеѓу Социете де Продуитс Нестле С.А. со регистрирано седиште на Авенија Нестле 55, Вевеј 1800, Швајцарија и ПАИ Партнерс САРЛ со регистрирано седиште на Булевар Ројал 53, L-2449 Луксембург, Големото Војводство Луксембург во врска со бизнисот на Нестле со замрзната пица лоциран во Андора, Белгија, Чешка, Данска, Германија, Грција, Унгарија, Исланд, Италија, Луксембург, Малта, Холандија, Словачка, Шведска, Обединетото Кралство, од 1 јануари 2024 година, Франција и по период кој допрва треба да биде дефиниран, Австрија, Португалија, Шпанија и Швајцарија.

-**Социете де Продуитс Нестле С.А.** е швајцарско друштво со седиште во Вевеј, Швајцарија. Социете де Продуитс Нестле С.А. првенствено се занимава со производство, маркетинг и продажба на голем број производи за храна и пијалоци, вклучително и млечни производи; кафе пијалоци; пакувана вода; житарки; кулинарски производи, вклучувајќи подготвена храна, зачини, сосови и суви тестенини; сладолед; чоколадо и чај; кондиторски производи, грицки и храна за домашни миленици, производи за здравствена исхрана. Групацијата Нестле има едно претпријатие-ќерка основано во Северна Македонија:

-Друштво за производство, трговија и услуги НЕСТЛЕ АДРИАТИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Булевар "8-ми Септември" бр. 16, п.фах 663, 1000 Скопје, Северна Македонија, активно во продажба на различни категории производи на Нестле.

Социете де Продуитс Нестле С.А. е присутно и во Северна Македонија преку филијалата на ИСО-ПЛУС БГ ЕООД, со седиште на Булевар Партизански Одреди 63/1-2, Скопје, активна во продажба на производи од брендот Солгар.

-**ПАИ Партнерс САРЛ** е истакната европска фирма со приватен капитал со седиште во Париз, Франција. Има канцеларии во Лондон, Луксембург, Мадрид, Милано, Минхен, Њујорк и Стокхолм. ПАИ Партнерс САРЛ е независно друштво, во мнозинска сопственост на неговите партнери, кое управува со наменски приватни капитални фондови со вредност од повеќе од 26,4 милијарди евра. Фондовите со кои управува ПАИ Партнерс САРЛ имаат политика на стекнување мнозински акционери во друштва активни во следните сектори: деловни услуги, храна и потрошувачи, општа индустрија и здравство. ПАИ Партнерс САРЛ преку друштвата за стратешки инвестиции, има контрола врз пет претпријатија-ќерки инкорпорирани во Северна Македонија, сите активни во обезбедување на услуги за тестирање, инспекција и сертификација:

-Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги ЕТБС ДООЕЛ, со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр.72, Скопје;

-Друштво за инженерство, техничко советување, промет и услуги НОЛТЕН СЕРВИЦЕС ДООЕЛ, со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр.72, Скопје;

-Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги ААИА-БПВ ДООЕЛ, со седиште на ул. Фјодор Достоевски бр.72, Скопје;

-Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ СЕЕ ДООЕЛ, со седиште на Фјодор Достоевски бр.72, Скопје и

-Друштво за техничко испитување, анализа, промет и услуги АПАВЕ РОПЕ АЦЦЕСС ДОО, со седиште на Фјодор Достоевски бр.72, Скопје.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

01.06.2023 година

Скопје